ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 20.04.2015 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓеоргиевска, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Советник Александар Ангелов, Советник Игор Додевски, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

За проектот за водоснабдување на Висока Зона Лев Брег да се следи објавата за јавна набавка. По почетокот на градбата по поставување на линијата да се започне со активности за поставување на пешачка патека Никола Граматиков 20.4.2015

Да се даде известување за санација на патот накај м.в. Стамболици. Никола Граматиков 20.4.2015

За патот накај с. Станци да се преземат мерки за оспособување. Да се води постапката за регулирање на сообраќајот на местата каде се имаат појавено свлечишта. Никола Граматиков и Добривој Николовски 20.4.2015

Поради појавените свлечишта на патот кон манастирот Св. Јоаким Осоговски да се се разгледа и да се даде предлог за алтернативно ставање во функција на таканаречаниот Руски Пат

Во координација со Игор Додевски да се изготви меморандум до Владата на Р. Македонија за свлечиштетот во с. Станци Никола Граматиков 20.4.2015

Да се види за обезбедување на потребната документација за проектот за замена на азбестно цементни цевки и да се контактира со Министерствот за транспорт и врски. Никола Граматиков 20.4.2015

Да се изврши предмер и сликање на поранешните караули за давање на информација до Владата за можноста за нивно предавање и преадаптирање во станови од страна на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор. Александар Ангелов 20.4.2015

Да се подготви допис до Министерство за финансии за решавање на проблем со градежно земјиште. Александар Ангелов 20.4.2015

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Во врска со свлечиштето кај ОУ Илинден да се предложи начин за отстранување на земјата. Добривој Николовски 20.4.2015

Да се заврши постапката за легализација на објект во Здравствениот Дом Добривој Николовски 20.4.2015

Да се нарача јавна набавка за изготвување на ЛУПД за регулација на дол кај повеќенаменското игралиште. Добривој Николовски 20.4.2015

Да се види за изготвување на Урбанистичките планови за м.в. Мандра и кај Дервен Добривој Николовски 20.4.2015

До наредниот колегиум да се издвојат и предложат површини за продажба на градежно земјиште. Добривој Николовски и Татјана Ѓеоргиевска 20.4.2015

Да се дадат воочените забелешки за ГУП за исправка Добривој Николовски 20.4.2015

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Да се закаже седница на Советот на Општина Крива Паланка за 15.5.2015 година , координација за 08.05.2015 година. Биљана Тасевска 20.4.2015

Да се подготви меомрандум до Влада на Р. Македонија во врска со сообраќајно регулирање со семафори кај Осички мост каде се прекрстуваат регионален и магистрален пат. Игор Додевски и Добривој Николовски. 20.4.2015

**Одделение за инспекциски надзор**

Пренесено од претходниот колегиум

Од страна на одделението за инспекциски надзор да се изврши увид кај Фудбалското игралиште кај бензинската станица. Бранко Велиновски 14.4.2015

До градоначалникот да седаваат известувања за извршување на работата на ангажираните работници. Бранко Велиновски 14.4.2015

Да се забрза постапката и да се даде известување за следните точки:

До наредниот колегиум да се даде известување во врска со начинот и постапката за користење на песокот од речното корито, компаративно да се контактира со општина Ранковци. Бранко Велиновски. 30.03.2015

Да се забрза изготвувањето на Планот за заштита од поплави Бранко Велиновски 30.3.2015

Од страна на градежниот инспектор да се изврши увид во кругот на поранешната фабрика Карпош за објект позади Фабриката за производство на наполитанки Коста Пеевски 30.3.2015 година

**Одделение за финансиски прашања**

Во врска со доделениот камион од страна на Агенцијата за управување со одземен имот да се направи одлука за прием на донација за наредната седница на Советот на Општината . Татјна Ѓеоргиевска

За наредниот колегиум до градоначалникот да се достави предлог за организација на продажбата на градежното земјиште, споредбена пракса со други општини Татјана Ѓеоргиевска. Да се утврдат парцелите кои можат да се продаваат, по потреба да се преземат соодветни активности за средување на парцелите и да се информира Градоначалникот за почетната цена за продажба на парцелите

Пренесено од претходниот колегиум

До градоначалникот да се достави листа за ажурирање на Данокот на имот. Од одделението за урбанизам да се обезбеди листата од регистарот на поднесени барања за легализација. Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум

Во врска со наплата на Данок на имот и комунална такса да се изврши прочистување на должниците и да се даде известување околку наплатата на Данокот на имот и комуналната такса. Да се преземат активности за ажурирање на Данокот на имот. Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Да се контактира со Бирото за регионален развој во врска со проектите за м.в. Крст – Конопница и за с. Градец Душко Арсовски 20.4.2015

Да се почне со подготовките за Џип Рели 2015 година Душко Арсовски 20.4.2015 година

Баскер фест да се организира за 27.6.2015 година, да се види за Златно Славејче и Меѓународен фолклорен фестивал. Душко Арсовски 20.4.2015 година

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

Да се изврши интервенирање во речното корито во поглед на течението на реката на местата каде е потребно Томе Тодоровски пренесено од претходниот колегиум

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Изготвил И. Додевски
Крива Паланка 20.4.2015 година